Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 2786/10 | 1 | |

**КОН НАЦРТ - ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ, ПРОСТОРНИ, ФИНАНСИСКИ И КАДРОВСКИ УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ**

Во интерес на развојот на радио индустријата и овозможување на рамноправни пазарни услови со цел поквалитетни програмски содржини и програмска понуда за граѓаните, како регионални медиуми кои го покриваат подрачјето на скопскиот регион ја подржуваме иницијативата за измени и дополнувања на правилникот и се вклучуваме во јавната расправа со свои конкретни размислувања и предлози.

Следејќи ги новите технологии и дигиталната агенда потребни се корекции во просторните и техничките критериуми. Имено просторните услови да се прилагодат и ослободат од непотребни дополнителни критериуми како на пример помошни простории и простории за архивирање.

Кај техничките услови нужно е техничко осовременување и следење на новите реални технолошко дигитални трендови.

Во поглед на бројот на вработените, имајќи ја во предвид исто така технолошката дигитална реалност, но и форматите на програмските сервиси, предлагаме воведување дополнителни подкатегории и соодветно намалување на бројот на вработените.

**За регионалните радија минималниот број на вработени (во редовен работен однос), во однос на форматот, да биде од 2 до 4 лица:**

1. За регионалните програмски сервиси, говорно и говорно-музичко радио од општ формат, бројот на вработени да биде најмалку 4 лица.
2. За регионалните програмски сервиси, музичко и музичко-говорно радио од општ формат, бројот на вработени да биде најмалку 3 лица.
3. За регионалните програмски сервиси, радио од специјализиран формат, бројот на вработени да биде најмалку 2 лица.

Нашите предлози го следат трендот на понудениот нацрт документ според кој намалувањето е предложено за сите програмски сервиси и кај радијата и кај телевизиите на сите нивоа, **освен кај регионалните скопски радија**.

Исто така инсистираме, кога веќе се зборува за економски потенцијал и број на жители, дека нужно не може да се пренебрегне и **големиот број на радија во Скопје и соодветно на тоа многу поголемата конкуренција која влијае на економското работење и одржливоста на овие медиуми во метрополата.**

Следствено на технолошко кадровските потреби разликите во минималните услови помеѓу радијата и телевизиите се значително големи, но тие не се преточени во нацрт правилникот. Напротив, регионалните радија имаат поголеми обврски од на пример регионалните специјализирани телевизиски програмски сервиси: 5/3, а бројот на вработени во радиските и телевизиските програмски севриси од општ формат е речиси идентичен: 5/7.

Исполнувањето на минималните кадровски услови се докажува со доставување документ од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со кој ќе се потврди дека медиумот во текот на целата година ги исполнувал кадровските услови, а не само како прикажана состојба на крајот на годината или само во моментот кога се врши мониторингот и контролата.

Благодариме на вниманието:

РАДИОДИФУЗНО Д. ... ФРАДИ ... СКОПЈЕ